ВФП ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД Скопје

Финансиски извештаи
за периодот што завршува на
30 септември 2026

СОДРЖИНА:

	Страна
Извештај за финансиската состојба	2
Извештај за сеопфатната добивка	7
Извештај за паричните текови	9
Извештај за промени во главнината	10
Белешки кон финансиските извештаи	11 – 39

ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА
На 30 септември 2026
(Во денари)

р.б.	група на конта или конто	П О З И Ц И Ј А	Белешка	31.12.2025 во МКД	30.09.2026 во МКД
1	2	3	4	5	6
		СРЕДСТВА			
1		**А.Побарувања за запишана а неуплатена основна главнина**		-	-
2		***Б. Долгорочни средства (3+10+18+19+27+28)***		**2,016,576**	**1,217,140**
3	**00**	**Нематеријални средства (4+5+6+7+8+9)**	**10**	**1,723,491**	**1,077,181**
4		1.Основачки издатоци		-	-
5		2.Гудвил (Goodwil)		-	-
6		3.Патенти, лиценци и концесии		-	-
7		4.Заштитни знаци и слични права		1,723,491	1,077,181
8		5.Аванси за нематеријални средства		-	-
9		6.Останати нематеријални средства		-	-
10	**01**	**Материјални средства (11+12+13+14+15+16+17)**	**11**	**293,085**	**139,959**
11		1.Земјишта и шуми		-	-
12		2.Градежни објекти		-	-
13		3.Постројки и опрема		264,100	121,007
14		4. Алат, погонски и канцелариски материјал, мебел и транспортни средства		28,985	18,952
15		5.Аванси за материјални средства		-	-
16		6.Материјални средства во подготовка		-	-
17		7.Останати материјални средства		-	-
18	**02**	**Вложувања во недвижности**		-	-
19	**03**	**Долгорочни финансиски вложувања (20+21+22+23+24+25+26)**		-	-
20		1.Вложувања во поврзани субјекти (во акции или удели)		-	-
21		2.Заеми на поврзани субјекти		-	-
22		3. Финансиски средства кои се чуваат до доспевање		-	-
23		4. Финансиски средства расположиви за продажба		-	-
24		5. Финансиски средства според објективна вредност преку добивка или загуба		-	-
25		6. Дадени кредити, депозити и кауции		-	-
26		7. Останати долгорочни вложувања		-	-
27	**04**	**Долгорочни побарувања**		-	-
28	**05**	**Одложени даночни средства**		-	-

29		***В. Краткорочни средства (30+38+42+49+55+59+60+67+72+73)***		**23,354,476**	**18,065,448**
30	**10**	**Парични средства и парични еквиваленти (31+32+33+34+35+36+37)**		**401,841**	**790,815**
31		1.Жиро сметки	**12**	396,676	781,600
32		2.Благајна		-	-
33		3.Девизни сметки		-	-
34		4.Девизни акредитиви		-	-
35		5.Девизна благајна		-	-
36		6. Депозити и хартии од вредност-парични еквиваленти		-	-
37		7.Останати парични средства	**12**	5,165	9,215
38	**11**	**Побарувања од поврзани субјекти(39+40+41)**		-	-
39		1. Побарувања од поврзани субјекти по основ на продажба на производи и услуги		-	-
40		2. Побарувања по камати од поврзани субјекти		-	-
41		3. Останати побарувања од поврзани субјекти		-	-
42	**12**	**Побарувања од купувачите (43+44+45+46+47+48)**		-	-
43		1.Побарувања од купувачи		-	-
44		2.Побарување за надоместок од уплатени придонеси		-	-
45		3.Побарување за надоместок за управување со средства		-	-
46		4.Побарувања за надоместок за премин		-	-
47		5. Побарувања од камати на депозити и хартии од вредност		-	-
48		6. Останати побарувања		-	-
49	**13**	**Побарувања од државата и други институции (50+51+52+53+54)**		-	-
50		1. Данок на додадена вредност		-	-
51		2. Побарувања за повеќе платен персонален данок на доход		-	-
52		3.Побарувања за повеќе платени даноци и придонеси од плати		-	-
53		4. Побарувања за повеќе платени даноци од добивката		-	-
54		5. Побарувања од државата и други институции врз основа на останати неспомнати давачки		-	-
55	**14**	**Побарувања од вработените (56+57+58)**		-	-
56		1.Побарувања од вработените за повеќе исплатени плати и надоместоци на плати и други примања		-	-

57		2.Побарувања од вработените за аконтации за службени патувања		-	-
58		3. Останати побарувања од вработените		-	-
59	**15**	**Останати побарувања**		**-**	**12,855,485**
60	**16**	**Краткорочни финансиски средства (61+62+63+64+65+66)**	**13**	**22,645,227**	**4,119,832**
61		1.Вложувања во поврзани субјекти (во акции или удели)	**13**	9,236,234	4,119,832
62		2. Краткорочни кредити и заеми		-	-
63		3. Хартии од вредност кои се чуваат до доспевање		-	-
64		4. Хартии од вредност според објективна вредност преку добивка или загуба	**13**	13,408,993	-
65		5. Краткорочно орочени средства		-	-
66		6. Останати краткорочни вложувања		-	-
67	**19**	**Платени трошоци за идните периоди и недостасана наплата на приходи (АВР) (68+69+70+71)**		**307,408**	**299,316**
68		1.Однапред платени трошоци		-	-
69		2.Трошоци што се разграничуваат на повеќе години		45,648	45,552
70		3.Пресметани приходи што не можеле да бидат фактурирани		261,760	253,764
71		4.Останати платени трошоци и пресметани приходи		-	-
72	**32**	**Залиха на резервни делови**		**-**	**-**
73	**35**	**Залиха на ситен инвентар и амбалажа**		**-**	**-**
74		***Г.Вкупно средства (1+2+29)***		**25,371,052**	**19,282,588**
75		***Д.Вонбилансна евиденција***		**-**	**-**
		ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ			-
76		***А.Главнина и резерви (77+81+82+83+87+90)***	**14**	**24,453,080**	**17,825,272**
77	**90**	**Основна главнина- запишан капитал (78+79+80)**	**14**	**54,892,730**	**54,892,730**
78		1. Основна главнина- запишан и уплатен капитал		54,892,730	54,892,730
79		2. Запишана а неуплатена основна главнина		-	-
80		3. Сопствени акции и удели		-	-
81	**91**	**Премии на емитирани акции**		-	-
82	**93**	**Ревалоризициона резерва**		**-**	**-**
83	**94**	**Резерви (84+85+86)**		**-**	**-**
84		1.Законски резерви		-	-
85		2.Статутарни резерви		-	-
86		3.Останати резерви		-	-

87	**95**	**Акумулирана добивка и добивка за финансиската година (88+89)**		**-**	**-**
88		1.Акумулирана добивка		-	-
89		2.Добивка за финансиската година		-	-
90	**96**	**Пренесена загуба и загуба за финансиската година (91+92)**		**(30,439,650)**	**(37,067,458)**
91		1.Пренесена загуба		(21,924,359)	(30,439,650)
92		2.Загуба за финансиската година		(8,515,291)	(6,627,808)
93		**Б.Долгорочни обврски (94+97)**		**-**	**-**
94	**27**	**Долгорочни резервирања (95+96)**		**-**	**-**
95		1. Резервирања за пензии, отпремнини и сл. Обврски кон вработени		-	-
96		2. Останати долгорочни резервирања за ризици		-	-
97	**28**	**Долгорочни обврски (98+99+100+101+102+103)**		**-**	**-**
98		1.Долгорочни обврски спрема пензиските фондови		-	-
99		2. Долгорочни обврски спрема поврзани субјекти		-	-
100		3. Долгорочни обврски врз основа на заеми, кредити и кауции		-	-
101		4. Долгорочни обврски спрема добавувачите		-	-
102		5. Долгорочни обврски врз основа на хартии од вредност		-	-
103		6. Одложени даночни обврски		-	-
104		***В.Краткорочни обврски (105+108+114+120+123+124+128)***		**917,972**	**1,457,316**
105	**21**	**Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти (106+107)**		**-**	**-**
106		1. Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти во земјата		-	-
107		2. Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти во странство			-
108	**22**	**Обврски кон добавувачите (109+110+111+112+113)**	**15**	**653,775**	**853,535**
109		1.Обврски кон добавувачите во земјата	**15**	66,146	168,464
110		2.Обврски кон добавувачите во странство	**15**	587,629	685,071
111		3.Обврски кон МАПАС		-	-
112		4.Обврски кон Фондот на ПИОМ		-	-
113		5.Обврски кон чувар на имот		-	-
114	**23**	**Краткорочни обврски за даноци и други давачки (115+116+117+118+119)**		**170,417**	**320,179**
115		1. Обврски за данок на додадена вредност		163,570	147,466
116		2. Обврски за персонален данок на доход		-	-

117		3. Обврски за даноци и придонеси од плати		6,847	172,713
118		4. Обврски за даноци од добивката		-	-
119		5. Обврски кон државата и други институции врз основа на останати неспомнати давачки		-	-
120	**24**	**Обврски спрема вработените**		**-**	**318,732**
121		1. Обврски за плата и надоместоци на плата		-	318,732
122		2. Останати обврски спрема вработените		-	
123	**25**	**Останати краткорочни обврски и краткорочни резервирања**		**-**	**-**
124	**26**	**Краткорочни финансиски обврски (125+126+127)**		**-**	**-**
125		1. Краткорочни обврски врз основа на заеми и кредити од поврзани друштва		-	-
126		2. Краткорочни обврски врз основа на заеми и кредити во земјата и од странство		-	-
127		3. Обврски врз основа на останати краткорочни финансиски средства		-	-
128	**29**	**Одложено плаќање на трошоци и приходи во идните периоди (129+130)**		**93,780**	**(35,130)**
129		1.Пресметано а одложено плаќање на трошоците		93,780	(35,130)
130		2.Останато одложено плаќање на трошоците и приходите		-	-
131		***Г.Вкупно обврски (93+104)***		***917,972***	***1,457,316***
132		***Д.Вкупно главнина и обврски (76+131)***		**25,371,052**	**19,282,588**
133		***Ѓ.Вонбилансна евиденција***		**-**	**-**

Белешките кон финансиските извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи се одобрени од Управниот Одбор на 28.10.2026 година и беа потпишани во нивно име од:

Г-дин Марио Ѓорѓиев
Претседател на
Управен одбор

Mario Gjorgjiev
Digitally signed by Mario Gjorgjiev
Date: 2026.10.28 16:44:57 +02'00'

Г-ѓа Натка Самоиловска
Член на
Управен одбор

NATKA SAMOILOVSKA
Digitally signed by NATKA SAMOILOVSKA
Date: 2026.10.28 14:54:17 +01'00'

ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНАТА ДОБИВКА
За периодот од 1 јануари до 30 септември 2026 година
(Во денари)

р.б.	група на конта или конто	ПОЗИЦИЈА	Белешка	01.01.2025 - 30.09.2025 во МКД	01.01.2026 – 30.09.2026 во МКД
1	2	3	4	5	6
1	**73**	**Приходи од управување со фондот (2+3+4)**	**4**	**1,902,499**	**2,466,410**
2		Приходи од надоместок од придонеси		546,794	462,068
3		Приходи од надоместок за управување		1,355,705	2,004,342
4		Приходи од надоместок за премин		-	-
5	**70**	**Расходи од управување со фондот (6+7+8+9+10+11+12)**	**4**	**916,830**	**916,947**
6		1.Расходи за МАПАС		153,131	104,761
7		2.Расходи за чуварот на имот		75,984	111,660
8		3. Расходи за Фондот на ПИОСМ (% од уплатени придонеси)		-	-
9		4. Трошоци за трансакции		-	-
10		5. Трошоци за маркетинг		118,326	109,916
11		6. Трошоци за агенти		349,389	410,610
12		7. Останати трошоци за управување со фондот		220,000	180,000
13		**Добивка или загуба од управувањето со фондот (1-5)**	**4**	**985,669**	**1,549,463**
14	**76**	**Останати приходи на друштвото**		**-**	**-**
15	**40-46**	**Расходи од управување со друштвата (16+17+18+19+20+21)**		**8,403,791**	**8,614,597**
16		1. Трошоци за суровини и други материјали	**5**	12,980	637
17		2. Трошоци за услуги	**6**	2,110,303	1,556,463
		Поштенски, телефонски и интернет услуги		-	-
		Услуги за одржување и заштита		-	-
		Наемнини		-	-
		Останати услуги		-	-
18		3. Плати и надоместоци на плата и останати трошоци на вработените	**7**	4,526,258	5,054,899
		Трошоци за плати		4,100,991	4,444,817
		Регрес за годишен одмор		245,850	264,120
		Новогодишен надомест		-	-
		Отпремнина за пензија		-	-
		Надомест за одвоен живот		-	-
		Други лични примања по менаџерски договор		-	-
		Трошоци за службени патувања		-	-
		Трошоци за стручно образование		-	15,000
		Доброволно здравствено осигурување		68,366	-
		Доброволно пензиско осигурување		-	262,538

		Останати трошоци за вработените		111,051	68,424
19		4. Амортизација и вредносно усогласување		995,900	886,336
		Амортизација		-	886,336
20		5. Резервирања за трошоци и ризици		-	-
21		6. Останати трошоци од работењето	**8**	758,350	1,116,262
22	**77**	**Финансиски приходи (23+24+25+26+27+28+29+30)**	**9**	**905,637**	**839,810**
23		1. Приходи од вложувања во поврзани субјекти		-	-
24		2. Приходи од вложувања во неповрзани субјекти		-	-
25		3. Приходи врз основа на камати од работењето со поврзани субјекти		-	-
26		4. Приходи од курсни разлики од работењето со поврзани друштва		-	-
27		5. Приходи врз основа на камати од работењето со неповрзани субјекти		686,217	684,002
28		6. Приходи врз основа на курсни разлики од работењето со неповрзани субјекти		329	2710
29		7. Нереализирани добивки (приходи) од финансиски средства	**9**	176,043	93,195
30		8. Останати финансиски приходи	**9**	43,048	59,903
31	**47**	**Финансиски расходи (32+33+34+35+36+37+38+39+40)**	**9**	**70,866**	**402,484**
32		1. Камати од работењето со поврзани субјекти		-	-
33		2. Курсни разлики во работењето со поврзани субјекти		-	-
34		3. Останати финансиски расходи од работењето со поврзани субјекти		-	-
35		4. Камати од работењето со неповрзани субјекти		-	-
36		5. Затезни камати		-	-
37		6. Курсни разлики од работењето со неповрзани субјекти		3,303	1,557
38		7. Нереализирани загуби (расходи) од финансиски средства		67,084	17,725
39		8. Вредносно усогласување на долгорочни финансиски средства и хартии од вредност расположливи за продажба		-	-
40		9. Останати финансиски расходи		479	383,202
41		**Вкупно приходи (1+14+22)**		**2,808,136**	**3,306,220**
42		**Вкупно расходи (5+15+31)**		**9,391,487**	**9,934,028**
43		**Добивка (Загуба) пред оданочување (41-42)**		**(6,583,351)**	**(6,627,808)**
44		**Данок на добивка**		**-**	**-**
45		**Добивка (загуба) по оданочување (43-44)**		**(6,583,351)**	**(6,627,808)**
46		**Малцинско учество**		**-**	**-**
47		**Нето добивка (загуба) за пресметковниот период (45-46)**		**(6,583,351)**	**(6,627,808)**

Белешките кон финансиските извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ
За периодот од 1 јануари до 30 септември 2026 година
(Во денари)

р.б.	Позиција	Износ
01	Парични приливи од деловни активности	2,474,406
02	Парични одливи од деловни активности	8,104,615
03	**Нето паричен тек од деловни активности (1-2)**	**(5,630,209)**
04	Парични приливи од инвестициски активности	6,106,083
05	Парични одливи од инвестициски активности	86,900
06	**Нето паричен тек од инвестициски активности (4-5)**	***6,019,183***
07	Парични приливи од финансиски активности	-
08	Парични одливи од финансиски активности	-
09	**Нето паричен тек од финансиски активности (7-8)**	**-**
10	Нето зголемување или намалување на парите и паричните еквиваленти (3+6+9)	**388,974**
11	**Пари и парични еквиваленти на почетокот на периодот**	**401,841**
12	**Пари и парични еквиваленти на крајот од периодот**	**790,815**

Белешките кон финансиските извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА
За периодот од 1 јануари до 30 септември 2026 година
(Во денари)

	Акционерски капитал	Ревалоризациона резерва	Законска резерва	Останати резерви	Загуба за тековната година	Акумулирана загуба	Непокриена загуба	Вкупно
Состојба на 31 декември 2025	**54,892,730**	**-**	**-**	**-**	**-**	(30,439,650)	**-**	**24,453,080**
Уплатен акционерски капитал	-	-	-	-	-		-	**-**
Загуба за тековната година	-	-	-	-	(6,627,808)		-	**(6,627,808)**
Нето добивки и загуби од вреднување на средства расположиви за продажба	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Покривање на акумулирана загуба	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Пренос во акумулирана добивка	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Пренос во законски резерви	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Издвоена добивка за реинвестирање	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Пренос на неискористен дел од издвоена добивка за реинвестирање во акумулирана добивка	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Обврски за исплата на дивиденда	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Актуарски добивки/(загуби) од останати користи на вработени	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Состојба на 30.09.2026	**54,892,730**	**-**	**-**	**-**	**(6,627,808)**	**(30,439,650)**	**-**	**17,825,272**

Белешките кон финансиските извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
30 септември 2026 година
износите се искажани во денари

1. Општи информации

ВФП ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД Скопје (во понатамошниот текст "друштвото") претставува акционерско друштво основано на 15 септември 2022 година со седиште во Република Северна Македонија. Дозволата за основање на Пензиско друштво за управување со пензиски фондови е добиена од Агенцијата за супервизија на капиталното финансирано пензиско осигурување (МАПАС) на 31 мај 2022 година. На 27 јули 2022 година, Друштвото доби дозвола за управување со доброволни пензиски фондови бр. 14-438/22.

Регистриран акционер на Друштвото е ВФП ФОНД МЕНАЏМЕТ АД Скопје со 50,0001% учество и ЕУРОЛИНК Осигурување АД Скопје, со 49,9999% во вкупниот акционерски капитал. Странско физичко лице е краен сопственик на Друштвото со 25,4% индиректна сопственост. Крајна матична компанија на Друштвото е WVP Versicherungs- Vermittlungs GmbH Graz.

Друштвото има единствена дејност на управување со отворен доброволен пензиски фонд – ВФП Отворен доброволен пензиски фонд, негово претставување пред трети лица, како и други дејности поврзани со управувањето со фондовите во согласност со Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08, 124/10, 71/11 и 13/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 103/21").

Адресата на регистрираното седиште на друштвото е:

бул. Кочо Рацин бр. 3/2- кат 3 и 4
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Вработени

На 30 септември 2026 година друштвото има 13 вработени.

Управен Одбор

Марио Ѓорѓиев, CFA – Претседател на Управен одбор
М-р Натка Самоиловска, Член на Управен одбор

Надзорен Одбор

МАГ. Руперт Стробл, Претседател и член на Надзорниот одбор
Петар Андреевски, член на Надзорниот одбор
Владимир Деспотоски, член на Надзорниот одбор и
Проф. д-р Анета Гацовска-Барандовска, независен член на Надзорниот одбор

2. Сметководствени политики

Основните сметководствени политики применети при составување на финансиските извештаи се наведени во понатамошниот текст и истите се применувани конзистентно за сите периоди прикажани во овие финансиски извештаи.

2.1 Основа за подготовка

Финансиските извештаи на Друштвото се изготвени во согласност со Законот за трговски друштва, Правилникот за формата и содржината на финансиските извештаи на пензиското друштво донесен од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) („Службен весник" бр. 71/23 и 196/25) и Правилникот за водење сметководство (Службен весник на РСМ бр. 75/24) во кој се објавени Меѓународните сметководствени стандарди (МСС), Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ), заедно со толкувањата на Постојниот комитет за толкување (ПКТ) и толкувањата на Комитетот за толкување на меѓународното финансиско известување (КТМФИ), утврдени и издадени од Одборот за меѓународни сметководствени стандарди (ОМСС). Овој правилник се применува од 1 јануари 2025 година.

Притоа придружните финансиски извештаи на Друштвото се прикажани во согласност со билансните шеми објавени во Правилникот за формата и содржината на годишната сметка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 60/14), чиј сет на финансиски извештаи отстапува од оние дефинирани

2 Сметководствени политики (продолжение)

2.1 Основа за подготовка (продолжение)

во МСС 1 – Презентирање на финансиските извештаи и притоа во поединечни делови отстапува од начинот на презентација на одредени билансни позиции предвидени со наведениот стандард.

Во врска со погоре наведеното, а имајќи ги во предвид потенцијално материјалните значајни ефекти од разликите помеѓу сметководствените прописи на Република Северна Македонија и МСФИ/МСС, кои можат да имаат влијание на реалноста и објективноста на финансиските извештаи на Друштвото, придружените финансиски извештаи не можат да се сметаат за финансиски извештаи изготвени во согласност со МСФИ и МСС.

Финансиските извештаи се изготвени според методот на историска набавна вредност, освен за хартиите од вредност расположливи за продажба и финансиските средства кои се мерени по објективна вредност. Износите содржани во финансиските извештаи на Друштвото се прикажани во македонски денари. Денарот претставува официјална валута на известување во Република Македонија

2.2 Трансакции во странска валута

Трансакциите деноминирани во странски валути се искажани во денари со примена на средните курсеви на Народна Банка на Република Северна Македонија кои важат на денот на нивното настанување. Средствата и обврските кои гласат во странски валути се искажуваат во денари со примена на средните курсеви кои важат на денот на составувањето на Билансот на состојба, додека пак сите позитивни и негативни курсни разлики кои произлегуваат од претворањето на износите од странска валута, се вклучуваат во добивките или загубите во периодот кога тие настануваат. Средните девизни курсеви кои се во примена на 31 декември 2025 и 30 септември 2026 година за прикажување на позициите на Билансот на состојба деноминирани во странска валута, се следните:

	Во денари 31.12.2025	Во денари 30.09.2026
1 ЕУР	61,4950	61,6855
1 УСД	52,3050	54,3245

2.3 Нетирање

Финансиските средства и обврски се нетираат и нето износот е презентиран во Билансот на состојба само доколку нетирањето на признаените износи е законски дозволено и доколку постои намера за исполнување на нето основа, како и во случај на истовремена реализација на средството и исполнување на обврската.

Приходите и расходите се презентираат на нето основа само доколку тоа е дозволено со сметководствените стандарди, или за добивки и загуби кои што произлегуваат од групи на слични трансакции.

2.4 Признавање на приходи

Приходите се признаваат кога идните економски користи во форма на приливи или зголемување на средствата во Друштвото се веројатни и мерливи.

Друштвото ги признава приходите по основ на следните видови на надомести:

- Надоместок од уплатените придонеси максимум 2,9%, во ВФП Отворен доброволен пензиски фонд – Скопје, пред придонесите да бидат претворени во сметководствени единици;
- Месечен надоместок во износ од 0,075% од вредноста на нето средствата на ВФП Отворен доброволен пензиски фонд – Скопје (во понатамошниот текст „Надомести за управување со средства на доброволниот фонд”);
- Надоместок во износ од 10 евра, во случај на пренос на средствата во друг доброволен пензиски фонд, под услов членот кој преминува да бил член во постојниот Фонд пократко од 360 дена пред да премине во друг пензиски фонд.

2. Сметководствени политики (продолжение)

2.5 Расходи за управување со фондовите

Расходите за управување со фондовите се признаваат во периодот во кој настануваат.

Расходи за МАПАС

Друштвото е обврзано да плаќа надоместок на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување ("МАПАС") во висина од 0.6% од вкупно уплатените придонеси во доброволниот пензиски фонд, управувани од страна на Друштвото.

Расходи за банка чувар на имот

Друштвото е должно да избере единствен чувар на имот, на кого ја доверува одговорноста за чување на средствата на фондовите со кои управува. Функцијата чувар на имот на средствата на пензиските фондови ја врши Комерцијална Банка АД Скопје.

Основа за пресметка на надоместокот е дневната вредност на имотот на Доброволниот фонд. Процентот се искажува на годишно ниво со примена на пропорционална метода actual/365, а наплатата на надоместокот се врши на месечна основа. Друштвото се обврзува на Чуварот на имот да му плаќа надомест и тоа.

Износ во евра	**Надоместок**
до 50.000.000	0,050%
над 50.000.000 до 100.000.000	0,041%
над 100.000.000 до 200.000.000	0,038%
над 200.000.000 до 300.000.000	0,035%
над 300.000.000 до 400.000.000	0,033%
над 400.000.000 до 500.000.000	0,028%
над 500.000.000 до 600.000.000	0,026%
над 600.000.000 до 700.000.000	0,025%
над 700.000.000 до 800.000.000	0,023%
над 800.000.000 до 900.000.000	0,020%
над 900.000.000 до 1.000.000.000	0,018%
над 1.000.000.000	0,017%

Расходи за трансакции

Расходите за трансакции се трошоци кои согласно Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, во име на доброволниот пензиски фонд, а за сметка на пензиското друштво ги плаќа пензиското друштво. Трошоците за трансакции се однесуваат на трошоците за суб чуварот на средствата на доброволниот фонд – депозитарна институција која има дозвола издадена од надлежен орган во земја надвор од Република Северна. Македонија и е овластена за таква дејност согласно законите на државата каде се чуваат средствата на доброволниот пензиски фонд. Во текот на девет-месечниот период што завршува на 30.09.2026 година, Друштвото немаше такви расходи.

Расходи за маркетинг

Друштвото признава трошоци за маркетинг услуги во периодот кога истите настануваат. Маркетинг услугите на Друштвото вклучуваат креирање и емитување на реклами на телевизија, радио, печатени медиуми и интернет, различни видови на промоции, дизајнирање и дистрибуција на маркетинг материјали, рекламирање на карактеристиките на системот на задолжително и доброволно пензиско осигурување, објава на финансиски извештаи и објава на информативни проспекти. Во трошоци за маркетинг се вклучуваат и трошоците поврзани со известувања (пошта и печатење) кои се доставуваат до членовите за состојбата на нивните индивидуални сметки.

2 Сметководствени политики (продолжение)

2.5 Расходи за управување со фондовите (продолжение)

Расходи за агенти

Друштвото признава трошоци за склучени договори со нови членови на фондовите. Во трошоците за агенти се вклучени и трошоци кои се однесуваат на полагање испити и лиценцирање на агентите, лица ангажирани по договор на дело со цел придобивање на нови членови во фондовите. Согласно Правилникот за формата и содржината на финансиските извештаи на пензиското друштво, Друштвото ги признава и прикажува расходите за агенти во целост во Билансот на успех во периодот во кој се настанати, без разграничување за идни периоди.

Останати расходи за управување со фондовите

Друштвото признава трошоци за спроведување на постапка за давање согласности од страна на Агенцијата, пристап до информацискиот систем на Агенцијата и други трошоци поврзани со управување на фондовите.

Класификација на финансиските средства

Друштвото ги вложува своите слободни парични средства во депозити, хартии од вредност и Отворени инвестициони фондови согласно закон.

Друштвото ги класифицира финансиските средства во следниве категории:

- финансиски средства кои се чуваат за тргување
- кредити и побарувања

Раководството на Друштвото ја одредува класификацијата на финансиските средства при нивното почетно признавање.

Финансиски средства кои се чуваат за тргување

Едно финансиско средство се класифицира како средство наменето за тргување доколку се стекнува со цел генерирање на добивка од краткорочни флуктуации во цената или доколку е вклучено во портфолиото за кое постои доказ за остварлива краткорочна профитабилност.

Кредити и побарувања

Кредитите и побарувањата се недеривативни финансиски средства со фиксни или одредени плаќања кои не котираат на активен пазар. Тие се јавуваат кога Друштвото одобрува пари или услуги директно на коминтенти без намера за размена на побарувањето.

Почетно признавање на финансиските средства

Финансиските средства се признаваат на датумот на тргување, датум кога Друштвото се обврзува да го купи или продаде средството.

Финансиските средства по објективна вредност преку добивки и загуби (финансиски средства кои се чуваат за тргување) почетно се признаваат според нивната објективна вредност, при што трошоците на трансакциите се вклучуваат во добивки или загуби во периодот во кој настануваат. Кога се купува финансиско средство кое има котирана цена на активен пазар (берза) или кога објективната вредност може дополнително да се утврди, финансиското средство се признава според неговата објективна вредност, без трансакциски трошоци.

2 Сметководствени политики (продолжение)

2.5 Расходи за управување со фондовите (продолжение)

Последователно мерење на финансиските средства

Финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби (финансиски средства за тргување)

По почетното признавање финансиските средства кои се чуваат за тргување се мерат според нивната објективна вредност.

Објективната вредност на котираните вложувања на активни берзи се базираат на тековните цени на котација. Доколку пазарот за некое финансиско средство не е активен (и за некотирани хартии од вредност), Друштвото утврдува објективна вредност по пат на употреба на техники на проценка.

Ако со инструментот не се тргувало подолго од 30 дена, објективната вредност се утврдува по пат на употреба на техника на проценка базирана на пазарни претпоставки односно како параметри за проценка се користат каматни стапки кои се тековно важечки за должничките инструменти со сличен период на доспевање.

Добивките и загубите кои произлегуваат од промената на објективната вредност на финансиските средства за тргување се вклучуваат во добивките или загубите во периодот во кој настануваат. Каматата или приносот остварен за време на располагањето со овие средства, се евидентира како приход во периодот во кој настанува.

Последователно мерење на финансиските средства

Кредити и побарувања

Кредитите и побарувањата се прикажуваат по амортизирана набавна вредност со употреба на метод на ефективна стапка, намалени за загуба поради обезвреднување. Друштвото врши исправка на вредноста на кредитите и побарувањата секогаш кога постојат објективни докази дека не можат да се наплатат. Исправката на вредност се евидентира на индивидуална основа, според проценката на Раководството за наплатливиот износ на секое побарување, кое е поединечно оценето како обезвреднето.
Сметководствената вредност на кредитите и побарувањата се намалува преку сметката за исправка на вредноста. Кога едно побарување се смета за ненаплатливо се отпишува во корист на сметката за исправка на вредноста. Последователните наплати на кредитите и побарувањата претходно отпишани се евидентираат преку намалување на сметката за исправка на вредност. Промените во сметководствената вредност на сметката за исправка на вредност се признава во добивката и загубата.

Депризнавање

Финансиските средства престануваат да се признаваат по истекот на правата за примање на паричните текови од финансиските средства или по нивното пренесување, а Друштвото ги пренело значително сите ризици и користи од сопственоста. При продажба на хартии од вредност се утврдува разлика меѓу продажната и сметководствената вредност на хартиите од вредност. Добивката или загубата која произлегува од продажбата се искажува во Билансот на успех. Финансиските обврски престануваат да се признаваат кога истите се подмирени, поништени или престануваат да важат.

2.6 Нематеријални средства

Компјутерски софтвер

Трошоците поврзани со одржувањето на компјутерски и софтверски програми се признаваат како трошоци во моментот на нивното настанување. Трошоците директно поврзани со препознатливи и уникатни софтверски производи контролирани од страна на Друштвото кои најверојатно ќе создадат економски користи во иднина, се признаваат како нематеријални средства. Трошоците за развој на компјутерски софтвер кои се признаваат како средства се амортизираат користејќи праволиниска метода, со примена на амортизациона стапка од 20% годишно.

Останати нематеријални средства
Трошоците за стекнување права и лиценци се капитализирани и амортизирани користејќи праволиниска метода, со примена на амортизациона стапка од 10%-20% годишно.

2. Сметководствени политики (продолжение)

2.7 Опрема

Опремата се евидентира по нивната набавна вредност, намалени за акумулираната амортизација и акумулирана загуба поради обезвреднување.

Амортизацијата се пресметува праволиниски, со цел алокација на набавната вредност на недвижностите, постројките и опремата во текот на нивниот век на употреба. Подолу се дадени годишните стапки на амортизација применети врз значајните ставки на Опремата:

Компјутери	25%
Моторни возила	25%
Мебел и канцелариска опрема	10% - 25%

Последователните набавки се вклучени во сметководствената вредност на средството или се признаваат како посебно средство, соодветно, само кога постои веројатност од прилив на идни економски користи за Друштвото поврзани со ставката и кога набавната вредност на ставката може разумно да се измери. Сите други редовни одржувања и поправки се евидентираат како расходи во добивките или загубите во текот на финансискиот период во кој се јавуваат. Добивките и загубите поврзани со отуѓувањата се утврдуваат по пат на споредба на приливите со нето сметководствената вредност. Истите се вклучуваат во добивки или загуби во периодот кога настануваат.

2.8 Обезвреднување на средства

Обезвреднување на финансиските средства

Средства евидентирани по амортизирана набавна вредност

На секој датум на известување, Друштвото проценува дали постои објективен доказ за обезвреднување на финансиското средство. Финансиското средство или група на финансиски средства се обезвреднети само доколку постои објективен доказ за обезвреднување како резултат на еден или повеќе настани што се појавиле по првичното признавање на средствата (“случај на загуба”) и дека тој случај (или случаи) на загуба влијаена предвидениот иден готовински тек на финансиското средство или група финансиски средства кои можат веродостојно да се проценат. При обезвреднување се разгледува секое финансиско средство поединечно.

Износот на загубата претставува разлика помеѓу сметководствената вредност на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови (исклучувајќи ги идните загуби по основа на средството) дисконтирани со примена на оригиналната ефективна каматна стапка на финансиското средство. Побарувањата со краткорочно доспевање не се дисконтираат. Евидентираниот износ на средството се намалува преку употребата на сметка за резервирање, поради обезвреднување, со истовремено признавање на соодветниот расход поради обезвреднување во тековните добивки и загуби.

Доколку причините за обезвреднување исчезнат, претходно признаениот износ на загуба поради обезвреднување Друштвото го ослободува / анулира преку коригирање на сметката за загуба поради обезвреднување и го вклучува во Билансот на успех. Ослободувањето на загубата поради обезвреднување не може да резултира во сметководствена вредност која го надминува износот на амортизираната набавна вредност на средството, доколку не било признаено обезвреднување.

2. Сметководствени политики (продолжение)

2.8 Обезвреднување на средства (продолжение)

Средства евидентирани по објективна вредност

На секој датум на известување, Друштвото проценува дали постои објективен доказ за обезвреднување на финансиското средство класифицирано за тргување. Значителното или пролонгирано опаѓање на објективната вредност на финансиското средство под неговата набавна вредност претставува објективен доказ при утврдувањето на можноста од обезвреднување. Доколку постои таков доказ за финансиските средства за тргување, загубите се вклучуваат во добивките или загубите во периодот во кој настануваат.

2.9 Обезвреднување на нефинансиските средства

Нефинансиските средства на Друштвото се разгледуваат на секој датум на изготвување на Извештајот за финансиска состојба со цел да се определи дали постојат објективни докази за обезвреднување. Ако постои ваква индикација, тогаш се проценува надоместливиот износ на средството.

Загуба поради обезвреднување се признава доколку сметководствената вредност на дадено средство или единица која генерира пари, а на која и припаѓа средството, го надминува неговиот надоместлив износ. За средството што не создава во голема мера независни парични приливи, надоместливиот износ се утврдува за единицата која генерира пари, а на која и припаѓа средството.

Единицата која генерира пари е најмалата група на средства која може да се идентификува и која што генерира парични приливи од континуирана употреба коишто во голем степен се независни од паричните приливи од други средства или групи на средства. Загубите поради обезвреднување се признаваат во Билансот на успех.

Надоместливиот износ на дадено средство или на единицата која генерира пари претставува повисокиот износ од проценетата вредност на средството намалена за трошоците за продажба и неговата употребна вредност. При проценката на употребната вредност, проценетите идни парични текови се дисконтираат до нивната сегашна вредност со употреба на дисконтна стапка пред оданочување која ги одразува тековните пазарни проценки на временската вредност на парите и ризиците специфични за средството.

Загубата поради обезвреднување на дадено средство се анулира доколку постои индикација дека загубата поради обезвреднување признаена за средството можеби веќе не постои и има промени во проценките користени за утврдување на надоместливиот износ.

Зголемената сметководствена вредност на дадено средство, како резултат на анулирање на загуба поради оштетување, не треба да ја надмине сметководствената вредност која би била определена (нето од амортизацијата) кога не би била признаена загуба поради обезвреднување на средството во претходните години.

2.10. Обврски кон агенти

Друштвото ги признава обврските кон агентите - лица ангажирани по договор на дело, кога договорите со потенцијалните членови на фондовите се потпишани и потврдени од Агенцијата за супервизија за капитално финансирано пензиско осигурување. Друштвото нема такви обврски на 30 септември 2026 година.

2.11 Парични средства и парични еквиваленти

Паричните средства и паричните еквиваленти се состојат од жиро сметки во банки во денари.

2. Сметководствени политики (продолжение)

2.12 Резервации

Резервирање се признава и пресметува кога Друштвото има сегашна законска или договорена обврска како резултат на минати настани и постои веројатност дека ќе биде потребен одлив на средства за подмирување на обврската, а воедно може да биде направена веродостојна проценка на износот на обврската. Резервациите се проверуваат на секој датум на известување и се корегираат со цел да се рефлектира најдобрата тековна проценка. Кога ефектот на времената вредност на парите е материјален, износот на резервирањето претставува сегашна вредност на трошоците кои се очекува да настанат за подмирување на обврската. Друштвото нема резервации на 30 септември 2026.

2.13 Користи за вработените

Придонесите за здравствено, пензиско и социјално осигурување од бруто плати и нето платите се плаќаат од страна на Друштвото во текот на годината според законските прописи. Ваквите придонеси претставуваат дефинирани планови за бенефиции и се признаваат како трошок кога вработените извршуваат услуги. Не постојат дополнителни обврски според овие планови.

Друштвото има обврска за исплаќање отпремнина при пензионирање на вработените, во висина на двократен износ од просечно исплатената нето плата во Република Северна Македонија, како и јубилејни награди, согласно годините на работен стаж на вработените во Друштвото. Друштвото евидентира резервации за отпремнини за пензионирање и јубилејни награди со цел да ги алоцира таквите трошоци по периоди за коишто истите се однесуваат. Согласно МСС 19 отпремнините за пензионирање и јубилејните награди претставуваат дефинирани користи по исполнување на условите. Сметководствената вредност на обврските на Друштвото кои произлегуваат од овие користи за вработените се пресметуваат на крајот на периодот на известување. Состојбата на овие обврски на крајот на периодот на известување го претставува износот на дисконтираните плаќања што ќе се направат во иднина. Друштвото нема направено актуарска пресметка бидејќи смета дека ефектите ќе бидат нематеријални.

2.14 Даноци

Данокот на добивка се состои од тековен и одложен данок. Данокот на добивка се признава во добивката или загубата, освен кога се однесува за ставки коишто се однесени директно во капиталот и соодветниот данок од добивка се признава во капиталот. Основа за пресметување на данокот на добивка е разликата меѓу вкупните приходи и расходи, зголемена за непризнаените расходи за даночни цели.

Тековниот данок од добивка е очекувана даночна обврска од добивката пред оданочување за годината, применувајќи ја важечката даночна стапка од 10% на денот на Билансот на состојба и корекции на даночната обврска која се однесува на претходни години.

Одложениот данок произлегува од времените разлики помеѓу сметководствената вредност на средствата и обврските за потребите на финансиското известување и вредноста на истите за даночни цели. Одложениот данок се мери со примена на даночните стапки кои се очекува да се применат кога ќе се реализираат времените разлики врз основа на законите кои се усвоени или значајно усвоени на денот на известувањето.

Одложено даночно средство се признава за неискористени даночни загуби, неискористен даночен кредит и одбитни времени разлики до износот за кој е веројатно дека ќе има оданочив приход во иднина наспроти кој средството би се искористило. Одложено даночно средство се проценува на крајот на секој период на известување и се намалува до степенот до кој веќе не е веројатно дека овие даночни приходи ќе се реализираат. Секое вакво намалување треба да се анулира до степенот до кој станува веројатно дека ќе биде расположива доволна оданочива добивка. Непризнаено одложено даночно средство се проценува на крајот на секој период на известување и се признава до степенот до кој е веројатно дека идните даночни приходи на товар на кои може да се искористи тоа средство ќе бидат доволни.

2. Сметководствени политики (продолжение)

2.15 Финанскиски обврски

Финансиските обврски се класифицираат во согласност со суштината на договорниот аранжман.

Сите финансиски обврски на Друштвото на двата датуми на известување се класифицирани во останати финансиски обврски по амортизирана набавна вредност и истите се состојат од обврски кон добавувачи и останати обврски.

Обврски кон добавувачи и останати обврски

Обврските кон добавувачи и останатите обврски се обврски за плаќање за стоки или услуги кои се стекнати во нормалниот тек на работењето. Обврските се евидентираат како тековни доколку плаќањето на истите се изврши во рок од една година или помалку од една година (или во временска рамка на еден оперативен циклус доколку е подолг). Доколку не го исполнуваат наведениот услов, истите се класифицираат како нетековни обврски.

Обврските кон добавувачи и останатите обврски се евидентирани по нивната објективна вредност и последователно се измерени според нивната амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка.

2.16 Главнина, резерви и плаќања за дивиденди

Акционерскиот капитал ја претставува номиналната вредност на емитираните акции. Акционерскиот капитал се состои од 890,000 обични акциии и изнесува 890,000 евра. Истиот е целосно уплатен во паричен износ.

Резерви

Законските резерви се создадени во текот на периодите по пат на распределба на акумулираните добивки. Според локалната законска регулатива од Друштвото се бара да пресметува и издвојува 5% од добивката за годината за законска резерва се додека нивото на резервата не достигне износ кој е еднаков на една десетина од основната главнина. На датумот на известување Друштвото нема обврска за задолжителната резерва .

Акумулирани добивки

Акумулираните добивки ги вклучуваат задржаните добивки од тековниот и претходните периоди.

Дивиденди

Дивидендите се признаваат во капиталот во периодот во кој што се одобрени од страна на акционерите на Друштвото. Дивидендите за годината што се објавени по датумот на Билансот на состојба, доколку има, се обелоденуваат во Белешката за Настани по датумот на известување.

2.17 Неизвесни средства и обврски

Неизвесните обврски се обелоденуваат доколку постои веројатност за одлив на средства кои вклучуваат економски користи. Исто така, неизвесни средства не се евидентирани во финансиските извештаи, но се обелоденуваат кога постои веројатност за прилив на економски користи. Износот на неизвесна загуба се евидентира како резервирање доколку е веројатно дека идните настани ќе потврдат постоење на обврска на датумот на известување и кога може да се направи разумна проценка на износот на загубата.

2. Сметководствени политики (продолжение)

2.18 Трансакции со поврзани субјекти

Според регулативата на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, поврзана страна во однос на одредено правно лице или физичко лице е:

а) поединечен акционер или група акционери кои поседуваат најмалку 10% од акциите со право на глас или поседуваат помал процент, и имаат посредна или непосредна контрола врз одлучувањето во тоа правно лице;

б) било кое друго правно лице во кое првото правно лице, посредно или непосредно, поседува најмалку 10% од акциите со право на глас или поседува помал процент, и има посредна или непосредна контрола врз одлучувањето на тоа правно лице;

в) било кое друго правно лице во кое еден акционер, посредно или непосредно, поседува повеќе од 20% од акциите со право на глас и во ист временски период истиот акционер поседува, посредно или непосредно, повеќе од 20% од акциите со право на глас во првото правно лице;

г) физичко лице или правно лице кое има непосредна или посредна контрола, или се контролирани под заедничка контрола на правното лице;

д) член на управен одбор, надзорен одбор или член на друг орган на управување или надзор на правното лице и

ѓ) во врска со лицата наведени погоре, лица кои се во сродство преку брак или посвојување, деца и родители, браќа и сестри, полубраќа и полусестри, баби, дедовци и внуци, на друг начин се крвно поврзани до втор степен, лица кои се во однос родител старател и дете, маќеа или очув и посинок и поќерка и снаа, зет и родители на брачните другари.

2.19 Настани по датумот на известување

Оние настани по датумот на известување кои даваат дополнителни информации за финансиската состојба на Друштвото на датумот на Билансот на состојба (корективни настани) се рефлектирани во финансиските извештаи.

3. Управување со ризици од финансирање

Деловните активности на Друштвото се изложени на различни ризици од финансиски карактер. Активностите на управување со ризиците од финансирање вклучуваат анализа, проценка, прифаќање и управување со ризиците. Друштвото се стреми кон постигнување на соодветна рамнотежа меѓу ризикот и надоместот и минимизација на потенцијалните негативни ефекти врз финансиската успешност на Друштвото.

Политиките на Друштвото за управување со ризици имаат за цел да ги идентификуваат и анализираат овие ризици, да воспостават соодветни лимити и контрола на ризиците, како и да ги следат ризиците и придржувањето кон лимитите преку веродостојни и современи информатички системи. Друштвото редовно врши испитување на политиките и воспоставените системи за управување со ризикот согласно со пазарните промени, промените во продуктите и најдобрата пракса.

Управувањето со ризици го врши Раководството на Друштвото во согласност со политиките одобрени од страна на Надзорниот одбор. Раководството ги идентификува и проценува ризиците од финансирање во тесна соработка со деловните единици на Друштвото. Надзорниот одбор обезбедува писмени политики и процедури кои го опфаќаат целокупното управување со ризици, како и специфичните подрачја.

3.1 Кредитен ризик

Друштвото презема изложеност кон кредитен ризик, кој што претставува ризик од финансиска загуба која произлегува од неможноста должникот да ги исполни условите од договорот со Друштвото или да не постапи според договореното.

Друштвото на 30.09.2026 нема финансиски средства со период на доспевање подолг од 1 година. Друштвото ги продаде државните обврзници со ISIN XS2582522681 на 29.09.2026.

3.2 Концентрација на ризици кај финансиски средства по географски сектори

Изложеноста на Друштвото на ризици според евидентираните износи, категоризирани по географски региони на 30 септември 2026 година е како што следи:

Изложеност по географски региони	Република С.Македонија	Членки на ЕУ	Други европски земји	Други земји	Вкупно
Парични средства и парични еквиваленти	790,815	-	-	-	790,815
Удели во инвестициски фондови	4,119,832	-	-	-	4,119,832
Хартии од вредност според објективна вредност според добивка или загуба	-	-	-	-	-
Останати побарувања	12,855,485				12,855,485
Вкупно на на 30 септември 2026	**17,766,132**	**-**	**-**	**-**	**17,766,132**

3. Управување со ризици од финансирање (продолжение)

3.2 Концентрација на ризици кај финансиски средства по географски сектори (продолжение)

Изложеноста на Друштвото на ризици според евидентираните износи, категоризирани по географски региони на 31 декември 2025 година е како што следи:

Во денари

Изложеност по географски региони	Република С.Македонија	Членки на ЕУ	Други европски земји	Други земји	Вкупно
Парични средства и парични еквиваленти	401,841	-	-	-	401,841
Удели во инвестициски фондови	9,236,234	-	-	-	9,236,234
Хартии од вредност според објективна вредност според добивка или загуба	13,408,993	-	-	-	13,408,993
Вкупно на на 31 декември 2025	**23,047,068**	**-**	**-**	**-**	**23,047,068**

3.3 Пазарни ризици

Друштвото е изложено на пазарни ризици. Пазарните ризици произлегуваат од отворената позиција на Друштвото на ефектот од флуктуацијата на пазарните каматни стапки, како и од ефектот од флуктуацијата на курсевите на странските валути. Раководството на Друштвото утврдува прифатливи лимити на ризик, кои се базираат на нивно секојдневно следење.

Каматен ризик

Друштвото е изложено на ефектите од флуктуацијата на нивоата на пазарните каматни стапки врз нејзината финансиска состојба и парични текови.

Табелата подолу ја сумаризира изложеноста на Друштвото на каматните ризици. Позицијата на Друштвото во однос на чувствителноста на промени во каматните стапки заснована на моментот на повторно утврдување на каматната стапка на 30 септември 2026 е прикажана во табелата подолу. Таа ги вклучува финансиските инструменти на Друштвото по нивната сегашна вредност, категоризирани според пораниот период помеѓу датумот на преоценка или датумот на доспевање.

3. Управување со ризици од финансирање (продолжение)

3.3 Пазарни ризици (продолжение)

Каматен ризик (продолжение)

Во денари

Каматен ризик	Помалку од еден месец	Од 1 до 3 месеци	Од 3 до 12 месеци	Од 1 до 5 години	Над 5 години	Без камата	Фиксна	Вкупно
Средства								
Парични средства	790,815	-	-	-	-	-	-	790,815
Удели во инвестициски фондови	-	-	-	-	-	4,119,832	-	4,119,832
Останати побарувања	-	-	-	-	-	12,855,485	-	12,855,485
Вкупни средства	**790,815**	**-**	**-**	**-**	**-**	**16,975,317**	**-**	**17,766,132**
Обврски								
Останати финансиски обврски	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	853,535	**-**	**853,535**
Вкупни финансиски обврски	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**853,535**	**-**	**853,535**
Нето каматен ризик на 30 септември 2026	**790,815**	**-**	**-**	**-**	**-**	**16,121,782**	**-**	**16,912,597**

Позицијата на Друштвото во однос на чувствителноста на промени во каматните стапки заснована на моментот на повторно утврдување на каматната стапка на 31 декември 2025 година е прикажана во табелата подолу.

3. Управување со ризици од финансирање (продолжение)

3.3 Пазарни ризици (продолжение)

Каматен ризик (продолжение)

Во денари

Каматен ризик	Помалку од еден месец	Од 1 до 3 месеци	Од 3 до 12 месеци	Од 1 до 5 години	Над 5 години	Без камата	Фиксна	Вкупно
Средства								
Парични средства	401,841	-	-	-	-	-	-	401,841
Удели во инвестициски фондови	-	-	-	-	-	9,236,234	-	9,236,234
Хартии од вредност според објективна вредност според добивка или загуба	13,408,993	-	-	-	-	-	-	13,408,993
Вкупни средства	**13,810,834**	**-**	**-**	**-**	**-**	**9,236,234**	**-**	**23,047,068**
Обврски								
Останати финансиски обврски	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	653,775	**-**	**653,775**
Вкупни финансиски обврски	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**653,775**	**-**	**653,775**
Нето каматен ризик на 31 декември 2025	**13,810,834**	**-**	**-**	**-**	**-**	**8,582,459**	**-**	**22,393,293**

3. Управување со ризици од финансирање (продолжение)

3.3 Пазарни ризици (продолжение)

Каматен ризик (продолжение)

Табелата подолу ја прикажува ефективната каматна стапка за монетарните финансиски инструменти на 30 септември 2026 година (во %):

	МКД	ЕУР	УСД
Средства			
Парични средства и парични еквиваленти	-	-	-
Удел во инвестициски фондови	-	-	-
Хартии од вредност според објективна вредност преку добивка или загуба	-	-	-
Обврски			
Тековни обврски	-	-	-

Табелата подолу ја прикажува ефективната каматна стапка за монетарните финансиски инструменти на 31 декември 2025 година (во %):

	МКД	ЕУР	УСД
Средства			
Парични средства и парични еквиваленти	-	-	-
Удел во инвестициски фондови	-	-	-
Хартии од вредност според објективна вредност преку добивка или загуба	-	3,95%	-
Обврски			
Тековни обврски	-	-	-

3. Управување со ризици од финансирање (продолжение)

3.3 Пазарни ризици (продолжение)

Валутен ризик

Друштвото е изложено на ризик во однос на ефектите од движењата на нивото на девизни курсеви кои се одразуваат врз финансиската позиција и готовинскиот тек.

Следната табела ја сумира нето девизната позиција на монетарните средства и обврски на Друштвото на 30 септември 2026 во денари.

Во денари

Валутен ризик **Средства**	**во ЕУР**	**во УСД**	**Други валути**	**во МКД**	**Вкупно**
Парични средства	-	-	-	790,815	790,815
Удели во инвестициски фондови	-	-	-	4,119,832	4,119,832
Останати побарувања		-	-	12,855,485	12,855,485
Вкупни средства	**-**	**-**	**-**	**17,766,132**	**17,766,132**
Обврски					
Останати финансиски обврски	685,071	-	-	168,464	853,535
Вкупни финансиски обврски	**685,071**	**-**	**-**	**168,464**	**853,535**
Нето девизна позиција на 30 септември 2026	**(685,071)**	**-**	**-**	**17,597,668**	**16,912,597**

Следната табела ја сумира нето девизната позиција на монетарните средства и обврски на Друштвото на 31 декември 2025 година во денари.

Валутен ризик **Средства**	**во ЕУР**	**во УСД**	**Други валути**	**во МКД**	**Вкупно**
Парични средства	-	-	-	401,841	401,841
Удели во инвестициски фондови	-	-	-	9,236,234	9,236,234
Хартии од вредност според објективна вредност според добивка или загуба	13,408,993	-	-	-	13,408,993
Вкупни средства	**13,408,993**	**-**	**-**	**9,638,075**	**23,047,068**
Обврски					
Останати финансиски обврски	587,629	-	-	66,146	653,775
Вкупни финансиски обврски	**587,629**	**-**	**-**	**66,146**	**653,775**
Нето девизна позиција на 31 декември 2025	**12,821,364**	**-**	**-**	**9,571,929**	**22,393,293**

3. Управување со ризици од финансирање (продолжение)

3.4 Ризик од ликвидност

Управувањето со ликвидносниот ризик подразбира управување со активата и пасивата на начин што овозможува навремено и редовно плаќање на обврските, во нормални или во вонредни услови за работење на Друштвото. Друштвото е изложено на дневни повлекувања на средства од своите расположливи готовински ресурси на тековните сметки, доспеаните депозити, по основ на одобрени кредити, како и останати повлекувања.

Следната табела ги анализира средствата и обврските на Друштвото, групирани според нивната доспеаност врз основа на преостанатиот период од датумот на известување 30 септември 2026 до договорниот датум на доспевање.

Во денари

Ризик од ликвидност	**Помалку од 1 месец**	**Од 1 до 3 месеци**	**Од 3 до 12 месеци**	**Од 1 до 5 години**	**Над 5 години**	**Вкупно**
Средства						
Парични средства	790,815	-	-	-	-	790,815
Удели во инвестициски фондови	4,119,832	-	-	-	-	4,119,832
Хартии од вредност според објективна вредност според добивка или загуба	-	-	-	-	-	-
Останати побарувања	**12,855,485**					**12,855,485**
Вкупни средства	**17,766,132**	**-**	**-**	**-**	**-**	**17,766,132**
Обврски						
Останати финансиски обврски	853,535	-	-	-	-	853,535
Вкупни финансиски обврски	**853,535**	**-**	**-**	**-**	**-**	**853,535**
Ризик од ликвидност						
Нето ликвидна разлика на 30 септември 2026	**16,912,597**	**-**	**-**	**-**	**-**	**16,912,597**

3. Управување со ризици од финансирање (продолжение)

3.4 Ризик од ликвидност (продолжение)

Следната табела ги анализира средствата и обврските на Друштвото, групирани според нивната доспеаност врз основа на преостанатиот период од датумот на известување 31 декември 2025 до договорниот датум на доспевање.

Ризик од ликвидност	**Помалку од 1 месец**	**Од 1 до 3 месеци**	**Од 3 до 12 месеци**	**Од 1 до 5 години**	**Над 5 години**	**Вкупно**
Средства						
Парични средства	401,841	-	-	-	-	401,841
Удели во инвестициски фондови	9,236,234	-	-	-	-	9,236,234
Хартии од вредност според објективна вредност според добивка или загуба	13,408,993	-	-	-	-	13,408,993
Вкупни средства	**23,047,068**	**-**	**-**	**-**	**-**	**23,047,068**
Обврски						
Останати финансиски обврски	653,775	-	-	-	-	653,775
Вкупни финансиски обврски	**653,775**	**-**	**-**	**-**	**-**	**653,775**
Ризик од ликвидност						
Нето ликвидна разлика на 31 декември 2025	**22,393,293**	**-**	**-**	**-**	**-**	**22,393,293**

3.5 Проценка на објективната вредност

Објективна вредност претставува вредност за која едно средство може да биде заменето или некоја обврска подмирена под нормални комерцијални услови. Објективната вредност се одредува врз основа на претпоставка на раководството, зависно од видот на средството или обврската.

3.5.1 Финансиски инструменти евидентирани по објективната вредност

Во следната табела се прикажани финансиските средства измерени според објективната вредност во Извештајот за финансиската состојба во согласност со хиерархијата на објективната вредност. Оваа хиерархија ги групира финансиските средства и обврски во три нивоа кои се базираат на значајноста на влезните податоци користени при мерењето на објективната вредност на финансиските средства. Хиерархијата според објективната вредност е одредена како што следи:

- Ниво 1: котирани цени (некорегирани) на активните пазари за идентични средства или обврски;
- Ниво 2: останати влезни податоци, покрај котираните цени, вклучени во Ниво 1 кои се достапни за набљудување за средството или обврската, или директно (т.е. како цени) или индиректно (т.е. изведени од цени); и
- Ниво 3: влезни податоци за средството или обврската кои не се базираат на податоци достапни за набљудување од пазарот.

3. Управување со ризици од финансирање (продолжение)

3.5 Проценка на објективната вредност (продолжение)

3.5.1 Финансиски инструменти кои не се евидентирани по објективната вредност (продолжение)

Финансиските средства кои се евидентирани по објективна вредност во билансот на состојба се групирани според нивото на хиерархија на објективната вредност на 30 септември 2026 се како што следи:

Во денари

30.09.2026	Ниво 1	Ниво 2	Ниво 3	Вкупно
Средства				
Удели во инвестициски фондови	4,119,832	-	-	**4,119,832**
Хартии од вредност според објективна вредност според добивка или загуба	-	-	-	**-**

Финансиските средства кои се евидентирани по објективна вредност во билансот на состојба се групирани според нивото на хиерархија на објективната вредност на 31 декември 2025 година се како што следи:

31.12.2025	Ниво 1	Ниво 2	Ниво 3	Вкупно
Средства				
Удели во инвестициски фондови	9,236,234	-	-	**9,236,234**
Хартии од вредност според објективна вредност според добивка или загуба	13,408,993	-	-	**13,408,993**

Удели во инвестициски фондови

Објективната вредност на уделите во инвестициски фондови со кои не се тргува на активни пазари, се одредува според претпоставки базирани на пазарните услови кои постојат на датумот на известување.

Сметководствената вредност и објективната вредност на оние финансиски средства и обврски кои во билансот на состојба не се евидентирани според објективна вредност се прикажани во табелите подолу:

	30 септември 2026	
	Сметководствена	**Објективна**
Средства		
Парични средства	790,815	790,815
Удели во инвестициски фондови	4,119,832	4,119,832
Хартии од вредност според објективна вредност според добивка или загуба	-	-
Останати побарувања	12,855,485	12,855,485
Вкупни средства	**17,766,132**	**17,766,132**

3 Управување со ризици од финансирање (продолжение)

3.5.2 Финансиски инструменти кои не се евидентирани по објективната вредност (продолжение)

Удели во инвестициски фондови (продолжение)

Обврски		
Останати тековни (финансиски) обврски	853,535	853,535
Вкупни тековни финансиски обврски	**853,535**	**853,535**

	31 декември 2025	
	Сметководствена	**Објективна**
Средства		
Парични средства	401,841	401,841
Удели во инвестициски фондови	9,236,234	9,236,234
Хартии од вредност според објективна вредност според добивка или загуба	13,408,993	13,408,993
Вкупни средства	**23,047,068**	**23,047,068**
Обврски		
Останати тековни (финансиски) обврски	653,775	653,775
Вкупни тековни финансиски обврски	**653,775**	**653,775**

Парични средства и останати тековни финансиски обврски

Објективната вредност на паричните средства и останатите обврски се смета дека е приближна на нивната сметководствена вредност поради тоа што се со доспеаност помала од 3 месеци.

3.6 Управување со главнината

При управување на својата главнината, Друштвото се придржува кон следните цели:

- Придржување кон условите во врска со капиталот поставени од страна на регулаторот,
- Заштита на способноста на Друштвото да продолжи со своето деловно работење во континуитет и
- Одржување на цврста капитална база за поддршка на развојот на своите деловни активности.

Друштвото е должно да ја следи структурата на својата главнина.

Усогласеност со законската регулатива
Согласно со тековната законска регулатива, односно со член 19 од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, доколку дојде до зголемување на главнината на Друштвото (поради зголемување на средствата на доброволниот фонд), Друштвото е должно во секое време да го одржува зголемениот износ на главнината.

3 Управување со ризици од финансирање (продолжение)

3.6 Управување со главнината (продолжение)

На 30 септември 2026 година состојбата е како што следи:

ОПИС	**30.09.2026**
Главнина	17,825,272
Основна главнина	54,892,730
Сопствени средства	16,748,091
Минимум износ на главнина	15,373,750
Сооднос на главнина и основна главнина	**32,47%**
Сооднос на главнина и минимум износ на главнина	**115,95%**

Во согласност со Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, Друштвото е должно во секое време да одредени износи и соодноси на главнина, основна главнина и сопствени средства, вклучувајќи:

Усогласеност со законската регулатива (продолжение)

- Основната главнина на Друштвото треба да изнесува најмалку 500,000 Евра на датумот на на уплатата. На 30 септември 2026 година, основната главнина на Друштвото изнесува 54,892,730 денари.(Белешка 14);
- Сопствените средства на Друштвото во секое време не смее да се помали од една половина од минималниот износ на основната главнина, односно 250,000 Евра или 15,373,750 денари. На 30 септември 2026 година сопствените средства на Друштвото го надминуваат овој минимум за 8.94%
- Ликвидните средства на Друштвото во секое време треба да надминуваат 10% од главнината на Друштвото. На 30 септември 2026 година ликвидните средства изнесуваат 4,910,647 денари и претставуваат 28% од главнината на Друштвото.

На 31 декември 2025 година состојбата е како што следи:

ОПИС	**31.12.2025**
Главнина	24,453,080
Основна главнина	54,892,730
Сопствени средства	22,729,589
Минимум износ на главнина	15,373,750
Сооднос на главнина и основна главнина	**44.55%**
Сооднос на главнина и минимум износ на главнина	**159.06%**

Во согласност со Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, Друштвото е должно во секое време да го одредени износи и соодноси на главнина, основна главнина и сопствени средства, вклучувајќи:

- Основната главнина на Друштвото треба да изнесува најмалку 500,000 Евра на датумот на на уплатата. На 31 декември 2025 година, основната главнина на Друштвото изнесува 54,892,730 денари, односно 890,000 Евра (Белешка 14);
- Сопствените средства на Друштвото во секое време не смее да е помал од една половина од минималниот износ на основната главнина, односно 250,000 Евра или 15,373,750 денари. На 31 декември 2025 година сопствените средства на Друштвото го надминуваат овој минимум за 47.85%.
- Ликвидните средства на Друштвото во секое време треба да надминуваат 10% од главнината на Друштвото. На 31 декември 2025 година ликвидните средства изнесуваат 23,047,068 денари и претставуваат 94% од главнината на Друштвото.

4. Приходи и расходи од управување со фондовите

Приходи и расходи од управување со Доброволниот фонд

Во денари

Опис	01.01-30.09.2025	01.01-30.09.2026
Приходи од управување со фондот		
1.Приходи од надоместок од придонеси	546,794	462,068
2.Приходи од надоместок за управување	1,355,705	2,004,342
3. Приходи од надоместок за премин		-
Приходи од управување со фондот (1)	**1,902,499**	**2,466,410**
Расходи од управување со фондот		
1. Расходи за МАПАС (% од уплатени придонеси)	153,131	104,761
2. Расходи за чуварот на имот	75,984	111,660
3. Расходи за Фондот на ФПИОСМ (% од уплатени придонеси)	-	-
4. Трошоци за трансакции	-	-
5. Трошоци за маркетинг	118,326	109,916
6. Трошоци за агенти	349,389	410,610
7. Останати трошоци за управување со фондот	220,000	180,000
Расходи од управување со фондот (2)	**916,830**	**916,947**
Добивка или загуба од управувањето со фондот (1-2)	**985,669**	**1,549,463**

5. Трошоци за суровини и други материјали

Во денари

Опис	01.01-30.09.2025	01.01-30.09.2026
Потрошен канцелариски материјал и материјал за тековно одржување	12,980	637
Вкупно	**12,980**	**637**

6. Трошоци за услуги

Во денари

Опис	01.01-30.09.2025	01.01-30.09.2026
ИТ услуги	1,554,656	1,350,853
Трошоци за лиценцирање и сертификати	264,552	43,500
Поштенски услуги	9,735	-
Услуги за обезбедување	5,192	-
Адвокатски и нотарски услуги	19,920	42,628
Консултантски, советодавни и сметководствени услуги	63,720	63,720
Останати услуги	192,528	55,762
Вкупно	**2,110,303**	**1,556,463**

7. Плати, надомести и останати трошоци за вработените

Во денари

Опис	01.01-30.09.2025	01.01-30.09.2026
Бруто плати	4,100,991	4,444,817
Регрес за годишен одмор	245,850	264,120
Премии за доброволно осигурување на вработените	-	262,538
Трошоци за стручно образование	-	15,000
Останати трошоци за вработените	179,417	68,424
Вкупно	**4,526,258**	**5,054,899**

8. Останати трошоци од работењето

Во денари

Опис	01.01-30.09.2025	01.01 - 30.09.2026
Правни, нотарски, ревизорски и останати интелектуални услуги		-
Надомести за членови на Надзорен одбор		111,051
Репрезентација		35,828
Спонзорства и донации		247,200
Даноци, придонеси и други давачки што не зависат од резултатот	320,013	281,609
Данок на добивка	31,930	-
Банкарски надомести	32,028	31,197
Трошоци за договор на дело	180,000	180,000
Трошоци за ревизија	145,600	196,561
Други нематеријални трошоци	48,779	32,816
Вкупно	**758,350**	**1,116,262**

9. Финансиски приходи и расходи

Во денари

Опис	01.01-30.09.2025	01.01 - 30.09.2026
Приходи од камати на депозити	-	-
Приходи од камати на хартии од вредност	-	-
Приходи од дисконт на хартии од вредност		-
Нереализирани добивки од хартии од вредност	176,043	93,195
Нереализирани загуби од хартии од вредност	(67,084)	(17,725)
Приходи врз основа на камати од работење со неповрзани субјекти	686,217	684,002
Реализирани добивки од продажба на удели		(383,202)
Приходи по основ на позитивни курсни разлики	329	2,710
Расходи по основ на негативни курсни разлики	(3,303)	(1,557)
Расходи од камати	(479)	-
Останати финансиски приходи	43,048	59,903
Вкупно	**834,771**	**437,326**

10. Нематеријални средства

Во денари

ОПИС	Софтвер	Лиценци	Нематеријални средства во подготовка	Аванси за нематеријални средства	Вкупно
Набавна вредност на 01.01.2025	**4,308,732**	**-**	**-**	**-**	**4,308,732**
Набавки во текот на годината	-	-	-		-
Активирање на нематеријални средства	-	-	-		-
Состојба на 31.12.2025	**4,308,732**	**-**	**-**	**-**	**4,308,732**
Набавки во текот на годината	-		**-**	**-**	-
Активирање на нематеријални средства	-		**-**	**-**	-
Состојба на 30.09.2026	**4,308,732**				**4,308,732**
Акумулирана амортизација на 01.01.2025	**1,723,494**	**-**	**-**	**-**	**1,723,494**
Амортизација за 31.12.2025	861,747	-	-	-	861,747
Состојба на амортизација на 31.12.2025	**2,585,241**	**-**	**-**	**-**	**2,585,241**
Амортизација за 01.01-30.09.2026	646,310	-	-	-	646,310
Состојба на амортизација на 30.09.2026	**3,231,551**	**-**	**-**	**-**	**3,231,551**
Нето евидентирана вредност на 30.09.2026	**1,077,181**	**-**	**-**	**-**	**1,077,181**
Нето евидентирана вредност на 31.12.2025	**1,723,491**	**-**	**-**	**-**	**1,723,491**

11. Недвижности, постројки и опрема

Во денари

	Мебел,компјутери, возила и друга опрема	**Вкупно**
Набавна вредност на 01.01.2025	1,877,858	1,877,858
Набавки во текот на годината	-	-
Состојба на 31.12.2025	**1,877,858**	**1,877,858**
Набавки во текот на годината	86,900	86,900
Состојба на 30.09.2026	**1,964,758**	**1,964,758**
Акумулирана амортизација на 1 јануари 2025	**1,118,653**	**1,118,653**
Амортизација за годината	466,120	466,120
Состојба на амортизација на 31.12.2025	**1,584,773**	**1,584,773**
Амортизација за годината	240,026	240,026
Состојба на амортизација на 30.09.2026	**1,824,799**	**1,824,799**
Нето евидентирана вредност на 30.09.2026	**139,959**	**139,959**
Нето евидентирана вредност на 31.12.2025	**293,085**	**293,085**

12. Финансиски инструменти по категории

Евидентираните вредности на финансиските средства и обврски на Друштвото на 30 септември 2026 можат бидат категоризирани на следниов начин:

	По објективна вредност преку добивки и загуби	**Кредити и побарувања**	**До доспевање**	**Вкупно**
Средства според Биланс на состојба				
Парични средства	-	790,815	-	**790,815**
Дадени кредити, депозити и кауции	-	-	-	**-**
Хартии од вредност за тргување	-	-	-	**-**
Хартии од вредност чуваат до доспевање	-	-	-	**-**
Удели во инвестициски фондови	4,119,832	-	-	**4,119,832**
Останати краткорочни побарувања	-	12,855,485	-	**12,855,485**

12. Финансиски инструменти по категории (продолжување)

Вкупни средства на 30.09.2026	**4,119,832**	**13,646,300**	**-**	**17,766,132**
			Останати финансиски обврски	**Вкупно**
Обврски според Биланс на состојба				
Тековни финансиски обврски	-	-	853,535	**853,535**
Вкупни финансиски обврски на 30.09.2026	**-**	**-**	**853,535**	**853,535**

Евидентираните вредности на финансиските средства и обврски на Друштвото на 31 декември 2025 година можат бидат категоризирани на следниов начин:

	По објективна вредност преку добивки и загуби	**Кредити и побарувања**	**До доспевање**	**Вкупно**
Средства според Биланс на состојба				
Парични средства	-	401,841	-	**401,841**
Удели во инвестициски фондови	9,236,234	-	-	**9,236,234**
Хартии од вредност според објективна вредност според добивка или загуба	13,408,993	-	-	**13,408,993**
Вкупни средства на 31.12.2025	**22,645,227**	**401,841**	**-**	**23,047,068**
			Останати финансиски обврски	**Вкупно**
Обврски според Биланс на состојба				
Тековни финансиски обврски	-	-	653,775	**653,775**
Вкупни финансиски обврски на 31.12.2025	**-**	**-**	**653,775**	**653,775**

13. Краткорочни финансиски средства

Вложувањата во удели во инвестициски фондови во износ од 4.119.831,97 денари на 30 септември 2026 во целост се однесуваат на удели во поврзаната страна ВФП КЕШ ДЕПОЗИТ СКОПЈЕ. На 30 септември 2026 година, Друштвото има 32.911,3161 удели, по цена од 125,1798 денари.

Вложувањата во удели во инвестициски фондови во износ од 9,236,234.32 денари на 31 декември 2025 во целост се однесуваат на удели во поврзаната страна ВФП КЕШ ДЕПОЗИТ СКОПЈЕ. На 31 декември 2025 година, Друштвото има 75.160,5692 удели, по цена од 122,8867 денари.

13. Краткорочни финансиски средства (продолжение)

Вложувања во Финансиски средства по објективна вредност преку добивка или загуба

Вложувањата во обврзница MACEDO 6.96 03/13/27 (ИСИН XS2582522681) на 30 септември 2026 година изнесува 0 денари, бидејќи обврзницата е продадена на 29.09.2026 и за истата заклучно 30 септември 2026 година се водат останати побарувања по основ на продажба на хартии од вредност во износ од 12,855,485 денари.

Вложувањата во обврзници во износ од 13,408,993 денари на 31 декември 2025 година се однесуваат на вложувања во домашна обврзница MACEDO 6.96 03/13/27 со ИСИН XS2582522681. Обврзниците се купени во име и за сметка на друштвото од страна на ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје, која што е поврзана страна на друштвото, Обврзницата е со рок на доспевање до 2027 година.

14. Акционерски капитал

Со состојба на 30 септември 2026, акционерскиот капитал (основната главнина) на Друштвото изнесува 890,000 евра, односно 54,892,730 кои се целосно уплатени.

Друштвото има извршено докапитализација на Основната главнина во износ од 10,488,150 денари, со што Основната главнина на 30 септември 2026 година изнесува 54,892,730 денари.

Акционер	Број на акции	Вредност по акција во ЕУР	Вредност во ЕУР	Учество во %
ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје	445,001	1	445,001	50,0001%
ЕУРОЛИНК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје	444,999	1	444,999	49,9999%
Вкупно	**890,000**		**890,000**	**100%**

Објавена и платена дивиденда за период на известување со 30.09.2026 година

Друштвото нема објавена и исплатена дивиденда за периодот од 1 јануари до 30 септември 2026.

15. Обврски кон добавувачи

	31 декември 2025	**Во денари 30 септември 2026**
Обврски кон добавувачи во земјата	66,146	168,464
Обврски кон добавувачи во странство	587,629	685,071
Вкупно	**653,775**	**853,535**

16. Потенцијални обврски

На 30.09.2026, Друштвото не е учесник во судски спорови.

На 30.09.2026, Друштвото нема други потенцијални обврски.

Даночен ризик
Деловните книги и сметководствената регулатива на Друштвото може да подлежат на даночна контрола од страна на даночните власти во период од 5 години по поднесената даночна пријава за финансиската година и евентуално можат да предизвикаат дополнителни даночни обврски. Според проценитe на раководството на Друштвото, на датумот на овие финансиски извештаи нема сознанија за какви било дополнителни околности кои можат да создадат потенцијални материјални обврски во тој поглед.

17. Трансакции со поврзани субјекти

Салдата и обемот на трансакциите со поврзаните субјекти на 30.09.2026 и за девет месечниот период што тогаш завршува се како што следи:

Трошоци од поврзани субјекти	**01.01.2025-30.09.2025**	**01.01.2026-30.09.2026**
ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје		
Управувачки надоместок	14,340	14,058
Рефундиран надоместок за реални трошоци од трети страни		
Вкупни трошоци од поврзани субјекти	**14,340**	**14,058**
Приходи од поврзани субјекти		
ВФП КЕШ ДЕПОЗИТ СКОПЈЕ		
Нереализирани добивки од хартии од вредност	180,458	75,470
Реализирани добивки од хартии од вредност	43,048	59,903
Вкупни приходи од поврзани субјекти	**223,506.00**	**135,373.00**
Средства кај поврзани субјекти		
ВФП КЕШ ДЕПОЗИТ СКОПЈЕ		
Хартии од вредност според објективна вредност преку добивка или загуба	11,997,884	4,119,832
ВФП Фонд Менаџмент - Индивидуално управување		
Парични средства	8,051	9,215
Хартии од вредност според објективна вредност преку добивка или загуба (MACEDO 2027)	13,304,535	-
Побарувања од продажба на (MACEDO 2027)		12.855.485
Вкупно средства кај поврзани субјекти	**25,310,470**	**16,984,532**
Обврски кон поврзани субјекти		
ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје		
Управувачки надоместок	1,416	1,366
Рефундиран надоместок за реални трошоци од трети страни		-
Вкупни обврски кон поврзани субјекти	**1,416**	**1366**
Побарувања кон поврзани субјекти		
Вкупни побарувања кон поврзани субјекти	**-**	**-**
Клучен персонал		
Трошоци за клучен персонал	**1,645,792**	**2,031,581**

18. Настани по датумот на известување

Не постојат материјално значајни настани што се случиле после датумот на известување, а кои би требало да се обелоденат во овие финансиски извештаи.